# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 4 година LIX**

**13 март 2023 година**

**opve@veles.gov.mk**

**Бр.54**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2024 година**

Се објавува Заклучокот за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2024 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/1
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за донесување Буџетски календар на Општина Велес за 2024 година**

1.Советот на Општина Велес го донесе Буџетскиот календар на Општина Велес за 2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/1
10.03.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и ,,Службен весник на РСМ“ број 244/19; 53/21; 77/21 и 150/21 ), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06; 03/09; 18/10; 15/14ч; 15/18 и 06/19), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2023 година, донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

**На Општина Велес за 2024 година**

| **Можен датум** | **Буџетски активности** | **Одговорност** |
|---|---|---|
| **декември/ март** | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Законот за финансирање на ЕЛС, (Сл.весник на РМ бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и Сл.весник на РСМ број 244/19; 53/21; 77/21 и 150/21, член 27, став 4 и 5) |
| април | Министерот за финансии доставува до Владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години | Законот за буџети (Сл.весник бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 I 167/16, член 16) |
| април | Советот на Општината ја разгледува и усвојува фискалната стратегија на Општината | Одделение за финансиски прашања, и Одделението за локален економски развој |
| април-мај | Градоначалникот подготвува препораки за подготовка на финансиски пла нови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет | Градоначалник, Одделение за финансиски прашања, |
| мај -јуни | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции | Буџетски корисници |
| јули -август | Одделението за финанси ски прашања , ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или на малени барања) | Одделение за финанси ски прашања |
| септември | Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.) | Законот за буџети (Сл.весник бр.64/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16, член 21) Закон от за финансирање на ЕЛС (Сл.весник 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и Сл.весник на РСМ број 244/19 ; 53/21; 77/21 и 150/21 член 27, став 1 и 2) |

| | | |
|---|---|---|
| октомври | Градоначалникот и Одделението за финансиски прашања се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредниците на буџетот за наредната година | Градоначалник, О дделение за финансиски прашања |
| октомври | Буџетските информации се доставуваат до Оделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот | Одделение за финанси ски прашања |
| октомври | Проценките на трошоците за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансиски прашања од останатите одделенија и сектори | Раководители на сектори Раководители на одделенија |
| октомври | **а**. Се собираат буџетските барања<br>**б**.Барањата се анализираат, усогласуваат и поднесуваaат до Град оначалникот<br>**в**. Се изготвува билансот на приходи<br>**г.** Се изготвува билансот на расходи | Одделение за финанси ски прашања |
| октомври | Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и истиот го дос тавува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година | Градоначалник, Раководители на сектори, Раководители на одделенија |
| октомври - ноември | Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најд оцна до 15 ноември во тековната година. Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината | Совет на Општина |
| ноември - декември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансиски прашања | Градоначалник |
| декември | Се доставува Предлог -буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет |
| крај на декември | Советот на Општината го у својува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември) | Совет на Општина |
| јануари | Започнува новата буџетска година | |

Број 25-1416/1
10.03.2023 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Зоран Љутков с.р.

**Бр.55**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/2
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002год) а во врска со член 33 од Законот за буџети ( Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016год.) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,
Советот на Општина Велес на 31-та седница,одржана на 09.03.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес**
**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JN0** | **УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 25-1416/2
10.03.2023
Велес

Претседател на Советот на Општината
**Зоран Љутков**

**Бр.56**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година.**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2023 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/3
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 год), а во врска со член 34 од Законот за буџети ( Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 год.) по предлог на Градоначалникот на Општина Велес, Советот на Општина Велес на 31-та седница,одржана на 09.03.2023 година, донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Велес**

За **2023** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаВелес за 2023 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | | | | | |
| 744311 | Други тековни донацции | 0 | 0 | 60.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **60.000** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 60.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **60.000** | **0** |

Бр.25-1416/3
10.03.2023 година
Велес

Претседател на Советот на Општината

**Зоран Љутков**

**Бр.57**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на управување водоснабдителен систем за населено место Сопот, Општина Велес на ЈКП „Дервен“Велес**

Се објавува Одлуката за давање на управување водоснабдителен систем за населено место Сопот, Општина Велес на ЈКП „Дервен“Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/4
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа член 36,став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ“ бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/22, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.21/21), член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен весник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 25 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес(„Службен гласник на Општина Велес“бр.02/13 и 20/18), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2023 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за давање на управување водоснабдителен систем за населено место Сопот, Општина Велес на ЈКП „Дервен“Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши давање на управување (преотстапување) на водоснабдителен систем за населено место Сопот, Општина Велес на ЈКП „Дервен“Велес.

**Член 2**

Водоснабдителниот систем од член 1 на оваа Одлука и неговата техничка исправност е утврдена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес, согласно Решение 08-3856/1 од 26.08.2022 година.

Од страна на Комисијата е составен записник за техничката исправност на водоснабдителниот систем за населено место Сопот, Општина Велес, за кои се исполнети условите за преотстапување на овој систем на ЈКП„Дервен“ на управување.

Записникот е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Со завршна ситуација бр.05-4462/5 од 28.11.2022 година доставена од изведувачот, утврдена е вредноста на изградбата на водоснабдителниот систем, предмет на оваа одлука во населено место Сопот,Општина Велес.

**Член 4**

Општина Велес е должна во рок од еден месец од денот на донесувањето на оваа Одлука да склучи договор со ЈКП„Дервен“ во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски за понатамошно управување на водоснабдителен систем за населено место Сопот, Општина Велес, во согласност со законските одредби.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/4
10.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.58**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за давање на трајно користење на движна ствар - специјализирано противпожарно возило без надомест на Територијална противпожарна единица Велес**

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење на движна ствар - специјализирано противпожарно возило без надомест на Територијална противпожарна единица Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/5
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со Договор за отстапување, пренос на право на сопственост на специјализирано противпожарно возило бр.08-5377/2 од 23.12.2022 година, Одлука за кофинансирање на проект ,,Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во Општина Велес, Неготино, Свети Николе и Кавадарци преку набавка на високо професионални возила според европските стандарди“(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.13/22), член 30 и 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 09.03.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на трајно користење на движна ствар - специјализирано противпожарно возило без надомест на Територијална противпожарна единица Велес**

Член 1

Со оваа одлука Општина Велес дава на трајно користење движна ствар - специјализирано противпожарно возило без надомест на Територијална противпожарна единица Велес, со следните карактеристики:

Марка: TMB FORD TRUCKS;
Модел; FORD TRUCKS 1833;
Тип: CHK1/ FFP61DY/YCGSKPBF;
Комерцијална ознака: FORD TRUCKS;
Идентификациски број на возилото: NM0KKXTP6KNA90542;
Маса на возилото: (kg) 9420;
Категорија на возило: N3- товарно;
Облик и намена на каросеријата: SG –Цистерна противпожарна;
Тип на мотор: FFP6;
Зафатнина на мотор (cm ³): 8974;
Силина на мотор (kW): 243;
Вид на гориво: Дизел;
Идентификациски број на моторот: NA90542;
Шасија: NMOKKXTP6KNA90542;
Противпожарна надградба со резервоар: 6.000 литри;
Резервоар за пенило: 500 литри;
Мотор со издувни гасови: EURO 6D;
Година на производство: 2022.

Член 2

Вредноста на движната ствар - специјализирано противпожарно возило е со вкупен износ од 7.959.336,00 денари со ДДВ.

Член 3

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со давањето на движната ствар од член 1 на оваа одлука, Советот на Општина Велес го овластува Градоначалникот да склучи Договор со Територијална противпожарна единица Велес.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/5
10.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.59**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Заклучок за неприфаќање на Иницијатива за донесување одлука за субвенционирање на факултативната активност спорт и рекреативни активности во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ за деца од 4-6 годишна возраст**

Се објавува Заклучокот за неприфаќање на Иницијатива за донесување одлука за субвенционирање на факултативната активност спорт и рекреативни активности во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ за деца од 4-6 годишна возраст, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/6
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не прифаќање Иницијатива за донесување одлука за субвенционирање на факултативната активност спорт и рекреативни активности во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ за деца од 4-6 годишна возраст**

1.Советот на Општина Велес не ја прифати Иницијативата за донесување одлука за субвенционирање на факултативната активност спорт и рекреативни активности во ОЈУДГ „Димче Мирчев“ за деца од 4-6 годишна возраст.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/6
10.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.60**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање донација на 300 столчиња за ракометното игралиште во Градски парк**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација на 300 столчиња за ракометното игралиште во Градски парк, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/7
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2023 година донесе,

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација на 300 столчиња за ракометното игралиште во Градски парк**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата на 300 столчиња за ракометното игралиште во Градски парк од донаторот Општински фудбалски сојуз – Велес.

Донацијата се состои од:

- 300 столчиња за ракометното игралиште во Градски парк;

Донацијата е со вредност од 123.390,00 денари.

**Член 2**

За донацијата на 300 столчиња за ракометното игралиште во Градски парк ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како прималел на донацијата и донаторот Општински фудбалски сојуз – Велес, како давател на донација, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

По склучување на договорот за донација, столчињата ќе се имплементираат од страна на Општина Велес.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/7
0.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.61**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за прифаќање донација за реконструкција на спортско игралиште КП 2766 КО Велес**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација за реконструкција на спортско игралиште КП 2766 КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/8
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06,86/08, 51/11,28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес,(„Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.03.2023 година донесе,

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација за реконструкција на спортско игралиште КП 2766, КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес прифаќа донацијата од давателите на донацијата Друштво за производство и преработка на месо АГРИА-АГРОИНДУСТРИСКА ГРУПАЦИЈА ДООЕЛ Велес, Друштво за производство, трговија и услуги ЕСКЕЈП ДООЕЛ експорт - импорт Велес, Друштво за угостителство, трговија и услуги ОРИОН-ВЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Велес, Трговско друштво за производство промет и услуги на големо и мало ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Долно Караслари-Велес

Донацијата се состои од:

- Финансиски средства за реконструкција на спортско игралиште КП 2766, КО Велес во близина на автобуската станица согласно основниот проект за фаза 1;

Донацијата е со вредност од:

- АГРИА-АГРОИНДУСТРИСКА ГРУПАЦИЈА ДООЕЛ Велес во износ од 300.000,00 денари;
- Друштво за производство, трговија и услуги ЕСКЕЈП ДООЕЛ експорт - импорт Велес во износ од 150.000,00 денари
- Друштво за угостителство, трговија и услуги ОРИОН-ВЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Велес во износ од 150.000,00 денари и
- Трговско друштво за производство промет и услуги на големо и мало ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Долно Караслари-Велес во износ од 400.000,00 денари.

**Член 2**

За донацијата на финансиски средства ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател на донацијата и давателите на донацијата Друштво за производство и преработка на месо АГРИА-АГРОИНДУСТРИСКА ГРУПАЦИЈА ДООЕЛ Велес, Друштво за производство, трговија и услуги ЕСКЕЈП ДООЕЛ експорт - импорт Велес, Друштво за угостителство, трговија и услуги ОРИОН-ВЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Велес, Трговско друштво за производство промет и услуги на големо и мало ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ увоз-извоз ДООЕЛ с.Долно Караслари-Велес, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/8
10.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.62**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за сопствено учество во проект „Атмосферски канал со паркинг простор КП 15/1 КП 15/2, КО Раштани”**

Се објавува Одлуката за сопствено учество во проект „Атмосферски канал со паркинг простор КП 15/1 КП 15/2, КО Раштани”, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/9
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество во проект „Атмосферски канал со паркинг простор КП 15/1 КП 15/2, КО Раштани“**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Велес дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) за реализација на проектот „Атмосферски канал со паркинг простор КП 15/1 КП 15/2, КО Раштани“ финансиран од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2023 година преку Министерството за локална самоуправа.

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука, изнесува 5.369.986,00 денари.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината за кофинасирање на проектот во висина од 11 % од вкупната вредност на проектот или износ од 590.698,00 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/9
10.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.63**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за кофинансирање на проект „Изградба на локална улица – Декада на Роми“**

Се објавува Одлуката за кофинансирање на проект „Изградба на локална улица – Декада на Роми“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/10
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проект**
**„Изградба на локална улица – Декада на Роми“**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Велес дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) за реализација на проектот „Изградба на локална улица – Декада на Роми“ со кој општината аплицира на Јавниот повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

**Член 2**

Вкупна вредност за реализација на проектот „Изградба на локална улица – Декада на Роми“ од член 1 на оваа одлука изнесува 1.139.656,00 денари.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината во висина од 11% од вкупната вредност на проектот или износ од 125.362,00 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/10
10.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.64**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за сопствено учество на проект „Партерно уредување на просторот околу Спомен костурницата“**

Се објавува Одлуката за сопствено учество на проект „Партерно уредување на просторот околу Спомен костурницата“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/11
3.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за сопствено учество на проект „Партерно уредување на просторот околу Спомен костурницата“**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Велес дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) за реализација на проектот „Партерно уредување на просторот околу Спомен костурницата“ финансиран од Програма за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година преку Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука, изнесува 12.947.172,32 денари.

Општина Велес ќе учествува со сопствени средства од Буџетот на општината за кофинасирање на проектот во висина од 45,56 % од вкупната вредност на проектот или износ од 5.898.330,32 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-1416/11
10.03.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

**Бр.65**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на детско игралиште во с.Иванковци и с.Отовица“**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на детско игралиште во с.Иванковци и с.Отовица“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.03.2023 година.

Број 08-1446/12
13.03.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на детско игралиште во с.Иванковци и с.Отовица“**

**Член 1**

